# ОБРАЗОВНИ АЛАТКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РАСНО МОТИВИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ РОМИТЕ И ПАТУВАЧИТЕ

Ресурси за полициски академии и полициски училишта











2025

**ТОМ 2**

## ИНФОРМАТИВНИ ЛИСТОВИ ЗА ЗЕМЈИТЕ

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

# ОБРАЗОВНИ АЛАТКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РАСНО МОТИВИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ РОМИТЕ И ПАТУВАЧИТЕ

Ресурси за полициски академии и полициски училишта

**2025**

## ТОМ 2
## ИНФОРМАТИВНИ ЛИСТОВИ ЗА ЗЕМЈИТЕ

Совет на Европа

Мислењата изразени во ова дело се одговорност на авторот/авторите и не мора нужно да ја одразуваат официјалната политика на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 зборови), освен за комерцијални цели, доколку се зачува интегритетот на текстот, извадокот не се користи надвор од контекст, не дава нецелосни информации или на друг начин не го доведува во заблуда читателот во поглед на природата, опфатот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин: „© Совет на Европа, година на објавување“. Сите други барања во врска со репродукција/превод на целосниот документ или негов дел треба да се упатат до Одделот за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или). Сета друга кореспонденција во врска со овој документ треба да се упати до Одделот за Роми и Патувачи, Совет на Европа

F-67075 Strasbourg Cedex France
E-пошта: roma.team@coe.int.

Изработка на насловната страница и графички дизајн: Оддел за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа, Насловна фотографија: Shutterstock

© Совет на Европа, 2025 Печатено во Советот на Европа

Поимот „Роми и Патувачи“ се користи во Советот на Европа за да ја опфати широката разновидност на групите опфатени со работата на Советот на Европа во оваа област: од една страна а) Роми, Синти/Мануш, Кале, Каале, Романичали, Бојаш/Рудари; б) Балкански Египќани (Египќани и Ашкали); в) Источни групи (Доми, Ломи и Абдал); и, од друга страна, групи како што се Патувачи, Јениши и популациите означени под административниот поим „Gens du voyage“, како и лица кои се идентификуваат како . Цигани. Ова е објаснувачка фуснота, а не дефиниција на поимите Роми и/или Патувачи.

Авторка: Џоана Пери, а рецензиран од професорката Зои Џејмс, доктор на науки Џоана Пери е независна консултантка специјализирана за поддршка на националните власти и меѓународните организации за подобрување на одговорите на злосторствата од омраза, говор на омраза и дискриминација. Професорката Зои Џејмс, доктор на науки, е професорка по криминологија на Универзитетот во Плимут. Нејзините клучни истражувачки интереси се насочени кон критичко проучување на омразата, со посебен фокус на штетите од омразата што ги трпат Циганите, Патувачите и Ромите.

# Содржина


ЗА ОБРАЗОВНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ЛИСТОВИ 5

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 7

Вовед и историја 7

На прв поглед: клучни извештаи и мислења 7

Што се злосторства од омраза и насилство насочени против Ромите и Патувачите? 8

Ефикасна истрага на расистички мотиви во насилни чинови 8

План за учење и обука 9

Прилог – Резиме на потребите за учење 11

# ЗА ОБРАЗОВНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ЛИСТОВИ

Европскиот суд за човекови права (Европскиот суд) донесе неколку пресуди во врска со недостигот на ефективни истраги, вклучително и неуспех да се истражат можни расистички мотиви во врска со тврдењата за малтретирање, полициски операции или расно профилирање на Ромите и Патувачите. Одреден број од овие пресуди во моментов се разгледуваат од страна на Комитетот на министри, кој го следи спроведувањето на мерките на национално ниво за да се спречи повторување на слични ситуации.

Во процесот на надзор на спроведувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на Ромите и Патувачите, Комитетот на министри ги зема предвид релевантните мерки што ги преземаат полициските служби, вклучувајќи законски и практични измени, но дополнително ги повикува националните власти да ги продолжат и интензивираат своите активности и да обезбедат насочена обука, зајакнување на капацитетите и активности за подигање на свесноста кај полицијата и обвинителите во врска со класификацијата, истрагата и гонењето злосторства од омраза, вклучително и расно мотивирани кривични дела.

Препораката CM/Rec(2024)4 на Комитетот на министри до државите членки за борба против злосторствата од омраза сугерира задолжителни модули за злосторства од омраза да бидат вклучени во наставните програми на полициските академии.

Одделот за Роми и Патувачи ги поддржува владите на државите членки во изготвувањето и спроведувањето закони, политики, програми и мерки за да се обезбеди ефективна примена на стандардите за човекови права на Советот на Европа од страна на полицијата, така што тие реално да им користат на Ромите и Патувачите.

Клучен аспект на обуката на полициските службеници за справување со расно мотивирани кривични дела против Ромите и Патувачите е обезбедување систематски пристап кон професионалниот развој. Одржливо решение би било интегрирање на релевантните стандарди на Советот на Европа и судската практика на Европскиот суд во наставните програми на институциите за почетна или стручна обука на полицијата.

Овие образовни информативни листови се изработени за да им помогнат на полициските едукатори и обучувачи да ги вклучат стандардите на Советот на Европа за расно мотивирани кривични дела против Ромите во постојните програми за обука што ги нудат полициските и образовните институции (полициски академии; полициски училишта).

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД И ИСТОРИЈА

Во овој информативен лист се утврдени клучните прашања што полицијата треба да ги има предвид за да обезбеди ефективна истрага на расистичко насилство против заедниците на Ромите и Патувачите во Република Северна Македонија. Исто така, се предлага план за обука за полициските академии, заснован на клучните пресуди на Европскиот суд, наодите на ЕКРН, како и препораките и наодите на други клучни тела на Советот на Европа, вклучително и Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Комесарот за човекови права на Советот на Европа.

Овој информативен лист по земја треба да се чита заедно со универзалниот информативен лист – Том 1, кој се потпира на судската пракса на Европскиот суд и други стандарди на Советот на Европа за да ги утврди општите информации и стандарди за природата и влијанието на расистичкото насилство врз Ромите и Патувачите, клучните елементи на ефективна истрага, вклучувајќи го концептот на показатели за пристрасност, важноста од евидентирање на злосторствата од омраза и раздвоените податоци и важноста од градење доверба на Ромите и Патувачите во полицијата.

## НА ПРВ ПОГЛЕД: КЛУЧНИ ИЗВЕШТАИ И МИСЛЕЊА

Телата на Советот на Европа изразија загриженост за состојбата на ромските заедници во Северна Македонија. Европската комисија против расизам и нетолеранција истакна случаи на насилство мотивирано од омраза, нагласувајќи ја важноста од соодветна полициска обука и воспоставување полициски службеници за врска за градење доверба и подобрување на пријавувањето злосторства од омраза (Извештај на ЕКРН за Северна Македонија, 2023). Извештаите за расно профилирање и малтретирање на Ромите од страна на полициските службеници ја нагласуваат потребата од насочени мерки за справување со дискриминаторските практики (Извештај на ЕКРН за Северна Македонија, 2016, Извештај од СРТ, 2021).

Советодавниот комитет на РКНМ ги повика властите да обезбедат дека злосторствата од омраза се навремено истражени и гонети, а воедно да ги зајакнат постојните иницијативи за обука и соработка (Мислење на Советодавниот комитет за Северна Македонија, 2022). Сличен повик упати и Комитетот на министрите, нагласувајќи ја потребата од „зголемени напори за спречување случаи на повреди на човековите права на Ромите од страна на полицијата“ (CM/ResCMN(2023)2).

**Прочитајте повеќе**

| Европска комисија против расизам и нетолеранција | Советодавен комитет на РКНМ | Комитет на министри |
|---|---|---|
| ► Извештај и коментари од Владата (2023) на АНГЛИСКИ и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | ► Мислење (2022) на АНГЛИСКИ ЈАЗИК; резиме на МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК; Извештај на државата (2020) на АНГЛИСКИ и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | ► Одлука (2023) за спроведување на РКНМ од страна на Северна Македонија на АНГЛИСКИ ЈАЗИК |

## ШТО СЕ ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА И НАСИЛСТВО НАСОЧЕНИ ПРОТИВ РОМИТЕ И ПАТУВАЧИТЕ?

„Злосторство од омраза" се смета за кривично дело сторено со елемент на омраза заснован на една или повеќе фактички или перципирани лични карактеристики или статуси (CM/Rec(2024)4). „Омразата" опфаќа пристрасност, предрасуда или презир. Злосторствата од омраза против Ромите и Патувачите се кривични дела со елемент на омраза заснован на фактички или перципиран ромски или патувачки идентитет. Кривичните дела може да бидат насочени и кон лице кое не е ниту Ром ниту Патувач, но има некаква поврзаност со овие групи, на пример партнер или адвокат. Лица или имот погрешно идентификувани како Роми или Патувачи, исто така, се сметаат за жртви и треба така да бидат третирани.

Препораката CM/Rec(2024)4 на Комитетот на министрите до државите членки за борба против злосторствата од омраза објаснува дека „омразата може да се манифестира со различен степен на сериозност, почнувајќи од секојдневна стигматизација и дискриминација, микроагресии и вербални напади, до насилство, тероризам, воени злосторства и геноцид".

## ЕФИКАСНА ИСТРАГА НА РАСИСТИЧКИ МОТИВИ ВО НАСИЛНИ ЧИНОВИ

Во универзалниот информативен лист се утврдени клучните елементи што ја поддржуваат ефективната истрага на злосторства од омраза, вклучително дефинирање и евидентирање расистички инциденти, користење показатели за пристрасност за идентификација и истрага на злосторствата од омраза и поддршка и заштита на жртвите, и треба да се чита заедно со овој дел.

**Прочитајте повеќе**

Во овој дел се разгледани клучните пресуди на Европскиот суд, нагласувајќи ги суштинските елементи на барањето за ефективна истрага како што се истакнати во одлуките на Европскиот суд за Северна Македонија. Започнува со преглед што прави разлика меѓу случаите каде што Европскиот суд утврдил прекршувања и оние каде што не е утврдено прекршување.

Европскиот суд утврди дека националните власти ја повредиле својата обврска да ги испитаат можните расистички мотиви, бидејќи не спровеле соодветна истрага за тие елементи во врска со случај на полициско малтретирање (*Мемедов против Северна Македонија*, 2021).

Во сличен предмет, иако Европскиот суд утврди дека истрагата за тврдењата за полициска бруталност била неефективна и продолжена, не можеше да утврди дека третманот бил расно мотивиран поради недостиг на убедливи докази (*X и Y против Северна Македонија*, 2020). Прашања поврзани со инцидентна полициска бруталност и недостиг на ефективна истрага беа покренати и во неколку други предмети (*Јашар против поранешната југословенска Република Македонија*, 2007; *Сулејманов против поранешната југословенска Република Македонија*, *Целадинов и други против поранешната југословенска Република Македонија*, 2008). Во друг аспект, Европскиот суд утврди дека Ромите биле дискриминирани врз основа на нивното ромско потекло во контекст на полициски упатства за гранична контрола, кои биле применети на начин што несразмерно ги засегнал Ромите и претставувал индиректна дискриминација (*Мемедова и други против Северна Македонија*, 2023).

| Избрана судска пракса на Европскиот суд за човекови права | | |
|---|---|---|
| Јашар (2007)<br>Целадинов и други (2008) | Сулејманов (2008)<br>X и Y (2020) | Мемедов (2021)<br>Мемедова и други (2023) |

## Обврска за ефикасно истражување на расистичките мотиви

Најрелевантниот случај разгледуван од Европскиот суд во однос на расистичкото насилство врз Ромите во Северна Македонија е случајот *Мемедов против Северна Македонија*.

Европскиот суд ја нагласи обврската за истрага на дискриминаторските мотиви, наведувајќи: „Обвинителните органи… не ја исполниле својата обврска согласно член 14 во врска со член 3 да ги преземат сите можни чекори за да утврдат дали дискриминаторски став можел да одигра улога во настаните“ (став 49).

Истрагата била фокусирана исклучиво на употребата на сила и ги игнорирала постојаните тврдења за расистички забелешки дадени за време на инцидентот

во кој биле вклучени полициски службеници (став 48). На пример, сведочењата на очевидци што ги поддржувале тврдењата на подносителот за пристрасни мотиви, вклучително и изјави за употреба на расни навреди од страна на полицијата, биле отфрлени од граѓанските судови без доволно основани причини.

Јавниот обвинител, исто така, не ги испитал клучните сведоци предложени од подносителот (став 48). Јавниот обвинител ги отфрлил тврдењата за расизам, наведувајќи дека нема докази дека полициските службеници му предизвикале на подносителот психичко страдање поврзано со неговото ромско потекло (ставови 48 и 49).

## ПЛАН ЗА УЧЕЊЕ И ОБУКА

Исходите од учењето се создадени со користење на таксономијата на Блум, која има шест нивоа на учење (задржување на знаењето, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалуација) и се засновани на оцената на потребите за учење (видете го прилогот). На обучувачите им се напомнува да вклучат резиме на фактите од пресудите на Европскиот суд при нивното презентирање како дел од планираните активности за учење.

## Обврска за истражување расистички мотиви во насилни чинови

Исход од учењето: зајакнување на способноста за идентификување, документирање и истражување злосторства од омраза, со цел инцидентите точно да се класифицираат и да доведат до кривично гонење согласно членовите 3 и 14 од Конвенцијата.

Образложение според таксономијата на Блум: овој исход се фокусира на нивото на создавање и бара од учесниците да осмислат и спроведат стратегии за истражување кривични дела од омраза. Службениците мора да го интегрираат знаењето за индикаторите на пристрасност и истражните стандарди во применливи планови за дејствување.

## План за учење

**Активност 1.1 – Предавање (1 час)** за идентификација и истражување кривични дела од омраза

Опис: оваа сесија ги претставува релевантните пресуди на Европскиот суд и наодите на ЕКРН во однос на погрешната класификација и недоволното пријавување кривични дела од омраза. Се истакнуваат индикатори на пристрасност, како што се говор на омраза, припадност на група и разни форми на насилство што не е физичко. Клучни студии на случај, вклучително и расно мотивирани напади врз Роми, се користат за демонстрирање соодветни истражни техники.

При подготовката на оваа активност, повикајте се на клучните точки наведени во делот „Ефикасна истрага на расистички мотиви во насилни чинови“. Користете го прегледот и клучните наоди за да им помогнете на учесниците да истражат како и каде Европскиот суд прави разлика меѓу случаите во кои утврдил прекршоци и оние каде што не е утврдено прекршување.

**Активност 1.2 – Процена: изготвување протокол за истрага**

Опис: учесниците изготвуваат протокол за истражување кривични дела од омраза за нивниот оддел. Протоколот мора да опфати собирање докази, идентификација на пристрасност, ангажман со жртвите и чекори за точна класификација. Исто така, треба да вклучува стратегии за обезбедување усогласеност со стандардите на Конвенцијата, со посебен осврт на системските пречки за ефикасно истражување на злосторствата од омраза.

Како овој план го исполнува исходот од учењето: предавањето обезбедува силна теоретска основа, а дизајнот на протоколот за истражување им овозможува на учесниците да ги преточат овие принципи во практики применливи на ниво на целиот оддел.

## Спречување и справување со расното профилирање

Исход од учењето: препознавање и елиминирање на расното профилирање во полициските практики, со поттикнување недискриминаторско полициско работење во согласност со членовите 3 и 14 од Конвенцијата.

Образложение според таксономијата на Блум: овој исход е кон нивото на примена и се бара учесниците да ги операционализираат стратегиите за елиминирање на расното профилирање, а истовремено да ја зајакнат довербата кај малцинските заедници.

## План за учење

**Активност 2.1 – Предавање и работилница (2 часа)** за разбирање и справување со расното профилирање

Теоретски дел: учесниците се запознаваат со концептот на расно профилирање и неговата некомпатибилност со стандардите за човекови права.

Сесијата ги разгледува последиците од расното профилирање врз довербата на заедницата, како и процесните обврски согласно членовите 3 и 14. Примери од ЕКРН, особено Општата препорака бр. 11, како и извештаите на Советодавниот комитет на РКНМ, се користат за да се истакнат предизвиците во справувањето со профилирањето.

Работилница: учесниците ги анализираат сценаријата во кои може да се појави расно профилирање, како што се проверки на идентитет или сообраќајни контроли. Работејќи во мали групи, тие ги идентификуваат дискриминаторските практики и предлагаат непристрасни алтернативи. За време на дискусиите, тие ги разгледуваат практичните предизвици при спроведувањето недискриминаторски практики.

**Активност 2.2 – Процена: преглед на политиките и препораки**

Опис: учесниците анализираат фиктивна политика за запирање и претрес на полицискиот оддел, идентификувајќи елементи коишто можат да овозможат расно профилирање. Тие предлагаат конкретни измени за усогласување на политиката со стандардите на Конвенцијата и принципите за правично полициско работење.

Како овој план го исполнува исходот од учењето: комбинацијата од предавање и работилница обезбедува учесниците да можат да го идентификуваат и да се справат со профилирањето во пракса, додека прегледот на политиките ја демонстрира нивната способност да препорачаат системски реформи.

## Истражување расно мотивирано малтретирање и институционален расизам

Исход од учењето: развивање капацитет за препознавање и истражување тврдења за расно мотивирано малтретирање од страна на полицијата и институционален расизам, со обезбедување усогласеност со членовите 3 и 14 од Конвенцијата. Разбирање на важноста од ефикасно полициско работење во заедницата.

Образложение според таксономијата на Блум: овој исход се фокусира на нивото на евалуација, поттикнувајќи ги учесниците критички да ги оценуваат доказите за расна пристрасност и системска дискриминација, како и да предлагаат истражни и институционални реформи.

## План за учење

**Активност 3.1 – Предавање и работилница (3 часа)** за истражување расно мотивирано малтретирање и институционален расизам

Теоретски дел: учесниците се запознаваат со наодите на Европскиот суд, вклучително и предметот *Мемедов против Северна Македонија*, како и со улогата на институционалниот расизам во полициското работење. (споредено со *X. и Y. против Северна Македонија*) Сесијата ги разгледува процедуралните обврски согласно членовите 3 и 14, како и стратегиите за справување со системската дискриминација.

Работилница: учесниците анализираат фиктивни студии на случај коишто опфаќаат тврдења за полициско насилство и расни навреди. Работејќи во групи, тие ги идентификуваат системските пристрасности и ја оценуваат адекватноста на истражните одговори. Групите ги презентираат наодите и предлагаат реформи за зајакнување на институционалната одговорност.

**Активност 3.2 – Процена: истражен извештај**

Опис: учесниците подготвуваат истражен извештај за фиктивен случај кој вклучува тврдења за полициско насилство и расна дискриминација. Извештајот мора да ги документира доказите за малтретирање, да ги оцени потенцијалните расни мотиви и да предложи чекори за справување со институционалниот расизам.

Како овој план го исполнува исходот од учењето: предавањето и работилницата обезбедуваат темелно разбирање на системската дискриминација и практичните истражни стратегии, додека истражниот извештај им овозможува на учесниците самостојно да ги применат овие принципи во реални сценарија.

## ПРИЛОГ - РЕЗИМЕ НА ПОТРЕБИТЕ ЗА УЧЕЊЕ

Потребите за учење се идентификувани врз основа на преглед на извештајот на ЕКРН по земји, пресудите на Европскиот суд и препораките од други институционални тела на Советот на Европа.

Резиме на потребите за учење

- Идентификување и истражување злосторства од омраза (членови 3 и 14): обезбедување практична обука за полицијата за идентификување кривични дела од омраза, соодветно документирање на инцидентите и спроведување темелни истраги кои доведуваат до кривично гонење.
- Истражување расно мотивирано малтретирање и институционален расизам (членови 3, 8 и 14): обука на полицијата целосно да ги истражува тврдењата за расно мотивирано насилство и институционален расизам, обезбедувајќи дека и физичкото малтретирање и расистичките мотиви се соодветно испитани.
- Спречување и справување со расно профилирање: опремување на полицијата со вештини за препознавање и елиминирање расно профилирање во полициските практики, обезбедување полициско работење кое не е дискриминаторско и е во согласност со стандардите за човекови права.

Одделот за Роми и Патувачи при Советот на Европа ги поддржува владите на државите членки во изработката и спроведувањето закони, политики, програми и мерки за да се увери дека стандардите за човекови права на Советот на Европа се ефективно спроведени и навистина им користат на Ромите и Патувачите, вклучително и во однос на полицијата.

Клучен аспект на обуката на полициските службеници за справување со расно мотивирани кривични дела против Ромите е обезбедување систематски пристап кон професионалниот развој. Одржливо решение би било интегрирање на релевантните стандарди на Советот на Европа и судската пракса на Европскиот суд во наставните програми на институциите за почетна или стручна обука на полицијата.

Овие образовни информативни листови се изработени за да им помогнат на полициските едукатори и обучувачи да ги вклучат стандардите на Советот на Европа за расно мотивирани кривични дела против Ромите во постојните програми за обука што ги нудат полициските и образовните институции (полициски академии; полициски училишта).

MK

www.coe.int

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Се состои од 46 земји-членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија.

Сите земји-членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, договор којшто има за цел да ги заштити човековите права, демократијата и владеењето на правото.

Европскиот суд за човекови права со следи спроведувањето на Конвенцијата во земјите-членк.

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE